## contact@bitola.gov.mk

**From:**
**Sent:**
**To:**
**Subject:**

ПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено 29-09-2022

| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | -115/1 | | |


Почитувани,

Наредниот период ќе се прави мониторинг по сите Општини за вклученоста на младите и колку општините го спроведуваат законот за младинско учество и младински политики и потоа ќе биде подготвен извештај.

За таа цел очекуваме одговор од Ваша страна на следните прашања:
-Дали е формиран Локален младински совет во општината? Доколку да, колку членови брои советот? Доколку да, споделете ја одлуката за формирањето.
-Дали има(ло) повик за членови? Во прилог споделете го повикот и линк до објавата на повикот.
-Доколку е формиран локален младински совет, наведете листа од членовите и наведете од каква форма на младинско организирање доаѓаат членовите на советот? (младински органзиации, организации за млади, студентски организации, политички подмладок итн.)

За дополнителни прашања и информации Ви стоиме на располагање.

Со почит,

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Гордана Цветковска Бошевска
Службеник за млади
Одделение за јавни дејности

Бр.11-115/2
29.09.2022

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-115/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување (одговор) по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Прим. 03.10.2022

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА * IV

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 12-10-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-115/3 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија
Одделение за јавни дејности

Битола, 12.10.2022год.

До: Цветанка Ристевска
Лице за посредување при остварување на
слободен пристап до информации од јавен карактер
Општина Битола

**Предмет**: Известување
Врска: Ваше барање бр. 11-115/2

Почитувани ,

Согласно Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Ве известувам дека на 26.04.2021год формиран е ЛМС согласно Одлуката за формирање на Локален младински совет на Општина Битола со Бр.09-40/26 донесена од Советот на Општина Битола. Локалниот младински совет брои 9 (девет) членови и Ви го доставувам Во прилог Извештајот за изборот на членови:

ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ
НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

**- Седница за избор на членови на ЛМС -**
**Бр.0910-61/41**
**18.01.2022**
**Битола**

Локалното собрание на млади на Општина Битола одржа седница на 18.01.2022 година на која се разгледа:

1. **Формирање на три члена верификациона комисија**
2. **Презентирање на програмите на кандидатите за членови на ЛМС**
3. **Гласање на делегатите од ЛСМ за кандидати за членови на ЛМС**

По гласањето на делегатите од Локалното собрание на млади на Општина Битола, верификационата комисија за спроведување на изборите за членови на Локалниот младински совет на Општина Битола на Советот на Општина Битола го поднесуваат следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

По спроведување на гласањето за избор на членови на Локалниот младински совет на Општина Битола, се констатира дека членови на Локалниот младински совет се:

1. Јан Бекиров
2. Ангела Плушковска
3. Марија Бошевска
4. Филип Томевски
5. Билјана Велјановска
6. Симона Наумовска
7. Ивана Атанасовска
8. Стефан Думаловски
9. Кристијан Крстевски

**Верификациона**
**комисија на ЛСМ на**
**Општина Битола**

1. **Вероника Жежовска** ______
2. **Стефан Думаловски** ______
3. **Анастасија Главевска** ______

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија
Одделение за јавни дејности

Битола, 12.10.2022год.

Во врска со повикот за членови Ве информираме дека на официјалната општинската страна се објави Јавен повик за предлагање на кандидати за членови на локалното собрание на млади на општина Битола и Ви го доставувам ликот до објавата: https://www.bitola.gov.mk/javen-povik-kandidati-za-clenovi/

Во прилог: Одлука за формирање на Локален младински совет на Општина Битола Бр.09-40/26 каде што е наведено уредувањето на основањето на Иницијативниот одбор, Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет на Општина Битола, делокругот на работа, постапката за избор на членовите и други прашања од значење на работата.

Со почит,

Гордана Цветковска Бошевска
Помлад соработник – спортски објекти и манифестации

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РСМ" број 05/02), член 70 и член 60-а од Статутот на Општина Битола ("Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) а во врска со член 16 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на РСМ" бр.10/20) Советот на Општина Битола на седница одржана на 26.04.2021 донесе

# ОДЛУКА

## за формирање на Локален младински совет на Општина Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува основањето на Иницијативниот одбор, Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет на Општина Битола, делокругот на работа, постапката за избор на членовите и други прашања од значење на работата.

### Член 2

(1) Локалниот младински совет е советодавно и претставничко тело на Општина Битола и се основа со цел активно вклучување на младите од Општина Битола во процесите на донесување на одлуките на локална власт преку предлагање на иницијативи за прашања кои ги засегаат младите на подрачјето на Општина Битола.
(2) Млади, во смисла на оваа одлука се државјани на Република Северна Македонија со место на живеење во Општина Битола на возраст од 15 до 29 години.
(3) Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избирани за членови, претседател и заменик претседател на Локалниот младински совет на Општина Битола само ако се со постојано место на живеење во Општина Битола.

### Член 3

(1) Претставниците на Локалниот младински совет имаат право да:
- предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги засегаат младите,
- расправа за прашања за кои се распава во Советот на општината, а се од интерес на младите,
- иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината,
- иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики,
- вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со закон.

Член 4

(1) Бројот на членови на Локалниот младински совет е непарен и не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општина Битола, но не може да биде помалку од пет лица.
(2) Членовите на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Член 5

(1) Иницијативниот одбор е тело кое се свикува само за конституирање на Локалното собрание на млади.
(2) Иницијативниот одбор е составен најмногу 5 члена од младинските организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои претходно аплицирале и ги исполниле критериумите на јавниот повик за формирање на иницијативен одбор од страна на Советот на Општина Битола.
(3) Иницијативниот одбор објавува јавен повик за формирање Локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општина Битола по принципот на транспарентност и јавност.
(4) Формите на организирање и здружување од ставот (2) на овој член не мора да бидат регистрирани во Општина Битола, но мора да имаат активности на територијата на Општина Битола.
(5) Членовите на Иницијативниот одбор од ставот (2) на овој член мора да имаат постојано живеалиште на територија на Општина Битола и да бидат на возраст од 15 до 29 години.
(6) Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со одговорното лице на Општината.
(7) На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање комисија која до следната седница на Собранието на млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Собранието.
(8) Првата седница на Локалното собрание на млади ја свикува веќе избраниот претседавач. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување Јавен повик за формирање Локален младински совет.

Член 6

(1) Членови на **Локалното собрание на млади** се по еден делегат и заменик делегат кои се предложени од страна на младинските организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои претходно аплицирале и ги исполниле критериумите на јавниот повик за формирање на Локалното собрание на млади.

(2) Надлежности на Локалното собрание на млади се:
- Да работат на спроведување на активностите.
- Да учествуваат во подготовка на документи.
- Да изберат членови на Локалниот младински совет.

(3) На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач по пат на тајно гласање со мнозинство гласови од членовите.

(4) Секој член на Локалното собрание на млади може да биде кандидиран за претседавач.

(5) Мандатот на членовите на Локалното собрание на млади вклучително и на претседавачот трае две години со право на уште еден избор.

(6) Локалното собрание на млади, објавува јавен повик за членови на Локалниот младински совет на Општина Битола.

(7) Јавниот повик се објавува на веб - страницата на Општина Битола.

(8) Надлежности на Локалното собрание на млади се:
- Да работат на спроведување на активностите на Собранието.
- Да учествуваат во подготовка на документи.
- Да изберат членови на Локалниот младински совет.

(9) Кандидатите за членови во Локалниот младински совет ги предлагаат граѓански организации и младински здруженија, училишни и студентски здруженија и други форми на младински организации.

(10) По доставените пријави на кандидатите за членови на Локалниот младински совет, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до членовите на Локалното собрание на млади и до претседавачот кој пак свикува нова седница на Собранието. На седницата на Локалното собрание на млади се покануваат делегатите на Локалното собрание на млади и кандидатите кои се пријавиле за членови на Локалниот младински совет и ги исполнуваат критериумите од повикот.

(11) Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трichlena комисија, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот младински совет.

(12) Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Локалното собрание на млади, по што следува постапката на гласање.

(13) Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од локалното собрание на млади.

(14) За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од вкупниот број на делегати од Локалното собрание на млади, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.

Член 7

(1) По спроведените избори, верификационата комисијата на Локалното собрание на млади изготвува извештај со листа на избрани членови кој го усвојува Локалното

собрание на млади и истиот се доставува до Советот на Општина Битола за верификација на мандатите на членовите на Локалниот младински совет.

(2) Локалниот младински совет од своите редови избира претседател по пат на непосредни избори со тајно гласање.

(3) За претседател е избран кандидатот кој освоил најмногу гласови од вкупниот број на членови во Локалниот младински совет.

(4) Претседателот, за заменик претседател избира еден од членовите на Локалниот младински совет.

(5) Локалниот младински совет може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови

(6) Локалниот младински совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во месецот. Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Локалниот младински совет. Претседателот на Локалниот младински совет е должен да свика вонредна седница на предлог од најмалку 1/3 од членовите.

(7) Начинот на работа на Советот на млади поблиску се утврдува со Деловник за работа на Советот на млади.

(8) Локалниот младински совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на ЛМС.

Член 8

(1) Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на Општина Битола за период од пет години.

(2) Локалната стратегија за млади се изработува од страна на Општина Битола во соработка со Локалниот младински совет.

(3) Акциските планови за локалната стратегија за млади се изработуваат од страна на Општина Битола во соработка со Локалниот младински совет, а ги донесува Советот на Општина Битола во период од една до три години и за нив се поднесува и буџет за реализација.

(4) Локалната стратегија за млади се спроведува со буџетски средства од Општина Битола.

Член 9

1) Општина Битола ја става во функција веќе постоечката канцеларија за млади од каде се координира работата и претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво.

2) Советот на Општина Битола е должен да одреди службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

3) Службеникот за млади од ставот (2) на овој член изготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб – страницата на Општина Битола

(4) Контакт информациите за службениците за млади се јавно достапни на веб страната на Општина Битола.

Член 10

(1) Општина Битола обезбедува финансиски средства за работа на Локалниот младински совет и простор за одржување на седници.
(2) Од буџетот на Општина Битола, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на Локалниот младински совет во согласност со усвоената годишна програма.
(3) Членовите на Локалниот младински совет не добиваат надоместок за својата работа.
Стручните и административните работи за потребите на Локалниот младински совет ги врши администрацијата во Општина Битола, односно назначува службеник/чка за млади во согласно закон.

Бр. 09-40/26
26.04.2021 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Битола
Валентин Груевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-115/4
13.10.2022

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот ,

поднесено на **29.09.2022 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр. 1 Дали е формиран Локален младински совет во општината, колку членови брои? Прашање бр. 2 Дали имало повик за членови? Прашање бр.3 Листа од членови **(детален опис на прашањата во барањето во прилог на решението)**

## СЕ УВАЖУВА

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од

, имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-115/1
2. Допис до Гордана Цветковска Бошевска – Помлад соработник – спортски објекти и манифестации со бр.11-115/2 од 29.09.2022
3. Одговор од Гордана Цветковска Бошевска – Помлад соработник – спортски објекти и манифестации со бр.11-115/3 од 12.10.2022 со прилог документација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 13.10.2022 година, под бр. 11-115/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk